Бр./Nr 12-5568/2 (2022)

15-09-2023 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 92-та седница одржана на 11.09.2023 година ја донесе следната

*О Д Л У К А*

Пријавата заведена под број 12-5568/1 од 06.06.2022 година, против лицето ------------------, Директор на Агенцијата ------------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што во пријавата се содржани наводи по кои ДКСК веќе има постапено по предмет со иста/слична фактографија на наводи со предметните наводи и се има произнесено по однос на истите, како и има донесено одлука од своја надлежност, заведена со архивски број 12-717/8 од 11.05.2023 година.

Предметот со број 12-5568/1 од 06.06.2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*О б р а з л о ж е н и е*

Од страна на познат подносител, на ден 06.06.2022 година, поднесена е пријава за лицето ---------------, директор на Агенцијата ------------ и оформен е предмет број 12-5568/1 од 06.06.2022 година.

Во пријавата подносителот наведува дека споменатиот директор ангажирал три лица по партиски клуч со договор на дело, и тоа следните лица: --------, ---------- и -------------, со што била овозможена партизација на агенцијата и на администрацијата воопшто.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај поради тоа што во пријавата се содржани наводи по кои ДКСК веќе има постапено по предмет со иста/слична фактографија на наводи со предметните наводи и се има произнесено по однос на истите, како и донесена е одлука од нејзина надлежност заведена со архивски број 12-717/8 од 11.05.2023 година.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил:м-р К.З.
Одобрил:м-р Г.Т., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**